Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# Анализа на структурата на вработените во аудио и аудиовизуелниот медиумски сектор во 2014 година

Скопје, септември 2015 година

## СОДРЖИНА


ВОВЕД ..... 3

1. ТЕЛЕВИЗИСКА ИНДУСТРИЈА ..... 4

1.1. Македонска телевизија (МТВ) ..... 6

1.2. Терестријални телевизиски станици на државно ниво ..... 8

1.3. Сателитски телевизиски станици ..... 11

1.4. Телевизиски станици на регионално ниво ..... 15

1.5. Телевизиски станици на локално ниво ..... 17

2. РАДИОИНДУСТРИЈА ..... 20

2.1. Македонско радио (МРА) ..... 22

2.2. Радиостаници на државно ниво ..... 24

2.3. Радиостаници на регионално ниво ..... 26

2.4. Радиостаници на локално ниво ..... 29

Преглед на табели ..... 36

Преглед на слики ..... 36

## ВОВЕД

Анализата на структурата на вработените во аудио и аудиовизуелниот медиумски сектор во 2014 година содржи податоци за вкупниот број на вработени во јавниот сервис и во комерцијалните телевизиски и радиостаници на државно, регионално и на локално ниво. Овие податоци се анализирани од аспект на статусот (редовен работен однос или хонорарно ангажирани), полот и образованието на вработените ангажирани во секој сегмент на телевизискиот и радискиот пазар.

Податоците за оваа годишна анализа Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги обезбеди од радиодифузерите во рамки на исполнувањето на нивната законска обврска за јавност во работењето, која произлегува од член 13 став 1 од Законот за медиуми. Согласно оваа обврска, радиодифузерите се должни најдоцна до 31 март во тековната година до Агенцијата да достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година, вкупните приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и податоци за просечната гледаност или слушаност на радиодифузерот во претходната година.

## 1. ТЕЛЕВИЗИСКА ИНДУСТРИЈА

Во 2014 година, во телевизиската индустрија во целина биле вработени вкупно 2169 лица, што е за 228 лица повеќе отколку во претходната година (за 138 лица се зголемил бројот на лицата во редовен работен, а за 90 лица бројот на хонорарците).

Од вкупниот број на вработени во телевизиската индустрија, 1683 лица биле во редовен работен однос, а 486 биле хонорарно ангажирани.

**Табела 1: Структура на вработените во телевизиската индустрија**

| | | Состојба на 31.12.2014 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 385 | 298 | 308 | 225 | 71 | 71 | 6 | 2 | 284 | 201 | 101 | 97 |
| 2 | Уредници | 65 | 61 | 52 | 38 | 12 | 21 | 1 | 2 | 63 | 50 | 2 | 11 |
| 3 | Управители/директори | 17 | 49 | 9 | 35 | 6 | 14 | 2 | 0 | 16 | 41 | 1 | 8 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 17 | 180 | 7 | 33 | 10 | 144 | 0 | 3 | 12 | 133 | 5 | 47 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 139 | 597 | 41 | 106 | 82 | 467 | 16 | 24 | 126 | 510 | 13 | 87 |
| 6 | Маркетинг | 38 | 34 | 21 | 13 | 16 | 21 | 1 | 0 | 28 | 20 | 10 | 14 |
| 7 | Преостанат кадар | 161 | 128 | 52 | 47 | 94 | 64 | 15 | 17 | 109 | 90 | 52 | 38 |
| | **ВКУПНО** | **822** | **1347** | **490** | **497** | **291** | **802** | **41** | **48** | **638** | **1045** | **184** | **302** |

Во Македонската телевизија (МТВ) биле ангажирани 27% од вкупниот број на вработени во телевизиската индустрија, во телевизиите кои емитуваат програма на државно ниво преку терестријален предавател биле вработени 31%, во сателитските и во локалните телевизии по 11%, а во регионалните телевизии 20% од вработените.

**Слика 1: Број на вработени во МТВ и во комерцијалните телевизии на државно ниво**



Најголем дел од вработените биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (736 лица). Од нив, 86% биле во редовен работен однос, а 14% биле хонорарно ангажирани. Позначајно учество имале и лицата ангажирани како новинари (683 лица), од кои 71% биле во редовен работен однос, а 29% биле хонораци.

**Слика 2: Структура на вработените во ТВ индустријата според работни места**




Поголем дел од вработените во телевизиската индустрија биле мажи (62%). Тие биле најбројни кај реализаторскиот кадар, каде што биле за 4,3 пати побројни од жените (како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар биле ангажирани 597 мажи, наспроти 139 жени). Мажите биле побројни од жените и кај управителите и кај техничкиот кадар.

**Слика 3: Структура на вработените во ТВ индустријата според пол**




Лицата од женски пол биле побројни кај новинарите (за 87 лица), кај уредниците и кај лицата задолжени за маркетинг (за по четири лица) и кај преостанатиот кадар (за 33 лица).

Што се однесува до степенот на образование на вработените, 46% биле со завршено високо образование, 50% биле со средно, а 4% биле со друг вид на образование. Дури 31% од лицата со високо образование биле жени ангажирани како новинарки. Кај лицата со средно образование најбројни биле мажите вработени како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (43%).

**Слика 4: Структура на вработените во ТВ индустријата според образование**




Најмногу вработени со високо и средно образование прикажале терестријалните телевизии на државно ниво (312 лица со високо и 348 лица со средно образование), а најмногу вработени со друго образование биле ангажирани во МТВ (61 лице).

## 1.1. Македонска телевизија (МТВ)

Во анализираната година во МТВ биле ангажирани вкупно 597 лица (за 21 лице повеќе отколку во 2013 година) и сите биле во редовен работен однос.

**Табела 2: Структура на вработените во МТВ**

| | | Состојба на 31.12.2014 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | М | ж | м |
| 1 | Новинари | 87 | 68 | 55 | 42 | 27 | 24 | 5 | 2 | 87 | 68 | 0 | 0 |
| 2 | Уредници | 27 | 16 | 24 | 13 | 3 | 3 | 0 | 0 | 27 | 16 | 0 | 0 |
| 3 | Управители/директори | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 0 | 17 | 0 | 1 | 0 | 16 | 0 | 0 | 0 | 17 | 0 | 0 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 75 | 210 | 22 | 39 | 40 | 152 | 13 | 19 | 75 | 210 | 0 | 0 |
| 6 | Маркетинг | 2 | 2 | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 |
| 7 | Преостанат кадар | 53 | 37 | 12 | 11 | 32 | 13 | 9 | 13 | 53 | 37 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **244** | **353** | **115** | **110** | **102** | **209** | **27** | **34** | **244** | **353** | **0** | **0** |

Најзастапен во структурата на вработените бил реализаторскиот кадар (48%), а позначајно учество имал и новинарскиот кадар (26%). Во однос на претходната година, бројот на новинарите се зголемил за десет лица, а на реализаторите за четири лица.

**Слика 5: Структура на вработените во МТВ според работни места**




Од вкупниот број на вработени во Македонската телевизија, 244 биле жени, а 353 биле мажи. Лицата од женски пол имале најголемо учество кај новинарскиот кадар (36%), а лицата од машки пол кај реализаторскиот кадар (59%).

Жените биле побројни од мажите кај новинарите (за 19 лица), кај уредниците (за 11 лица) и во категоријата „преостанат кадар“ (за 16 лица). Кај режисерите, снимателите и монтажерите значително доминирале мажите, така што биле ангажирани 135 мажи повеќе отколку жени. Во категоријата „маркетинг“ имало еднаков број на мажи и жени (по две лица), а кај техничкиот кадар и кај управителите не било ангажирано ниту едно лице од женски пол.

**Слика 6: Структура на вработените во МТВ според пол**




Од вкупниот број на вработени, 52% биле со комплетирано средно образование, 38% биле со високо образование, а 10% имале друг вид на образование.

**Слика 7: Структура на вработените во МТВ според образование**




Најголем дел од лицата со средно образование биле ангажирани како реализатори (62%), а најголем дел од лицата со високо образование како новинари (43%). Повеќе од половина од лицата со друго образование биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (52%).

## 1.2. Терестријални телевизиски станици на државно ниво

Во петте телевизиски станици кои емитуваа програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс биле вработени 663 лица. Од нив, 532 биле во редовен работен однос , а 131 биле хонорарно ангажирани.

**Табела 3: Структура на вработените во терестријалните телевизии на државно ниво**

| | | Состојба на 31.12.2014 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 113 | 82 | 104 | 68 | 9 | 14 | 0 | 0 | 91 | 69 | 22 | 13 |
| 2 | Уредници | 9 | 13 | 8 | 12 | 1 | 1 | 0 | 0 | 9 | 11 | 0 | 2 |
| 3 | Управители/директори | 1 | 6 | 1 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 6 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 7 | 67 | 2 | 16 | 5 | 50 | 0 | 1 | 7 | 55 | 0 | 12 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 30 | 191 | 9 | 23 | 21 | 168 | 0 | 0 | 26 | 160 | 4 | 31 |
| 6 | Маркетинг | 15 | 14 | 9 | 4 | 6 | 10 | 0 | 0 | 15 | 12 | 0 | 2 |
| 7 | Преостанат кадар | 58 | 57 | 23 | 27 | 34 | 29 | 1 | 1 | 31 | 39 | 27 | 18 |
| | **ВКУПНО** | **233** | **430** | **156** | **156** | **76** | **272** | **1** | **2** | **180** | **352** | **53** | **78** |

Зголемувањето на бројот на вработени во овој сегмент на телевизиската индустрија, во споредба со претходната година, кога биле ангажирани 592 лица, во најголема мера се должи на зголемувањето на бројот на вработените во ТВ Канал 5 (за 65 лица). Бројот на вработени кај ТВ Алсат-М и кај ТВ Сител се зголемил за по четири лица, а кај ТВ Алфа за осум лица. Само кај ТВ Телма имаше намалување на бројот на вработените за 10 лица.

Најзастапени во структурата на вработените биле реализаторскиот кадар (33%) и новинарскиот кадар (30%). Најголем број на реализатори прикажала ТВ Сител (64 лица), а најголем број на новинари ТВ Телма (55 лица).

**Слика 8: Структура на вработените во терестријалните телевизии на државно ниво**




Во споредба со претходната година, бројот на режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар се зголемил само кај ТВ Канал 5 (за 21 лице) и кај ТВ Алфа (за пет лица). Кај ТВ Алсат-М нивниот број се намалил за седум лица, кај ТВ Сител за едно лице, а кај ТВ Телма останал ист.

Бројот на новинари пак, се зголемил само кај ТВ Канал 5 (за 13 лица) и кај ТВ Сител (за седум лица). Нивниот број кај ТВ Телма се намалил за осум лица, кај ТВ Алфа за три лица, а кај ТВ Алсат-М останал ист (26 лица).

**Слика 9: Број на новинари и реализатори во терестријалните телевизии на државно ниво**



ТВ Алсат-М прикажала најмногу уредници (девет лица), најмногу управители (три лица) и најмногу лица задолжени за маркетинг (шест лица), а ТВ Канал 5 прикажала најмногу лица ангажирани во категориите „технички кадар“ (25 лица) и „преостанат кадар“ (52 лица).

**Табела 4: Распределба по работни места на вработените во терестријалните телевизии на државно ниво**

| | ТВ Алсат-М | ТВ Алфа | ТВ Канал 5 | ТВ Сител | ТВ Телма |
|---|---|---|---|---|---|
| **работно место** | | | | | |
| Уредници | 9 | 6 | 2 | 1 | 4 |
| Управители/директори | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Технички кадар | 16 | 6 | 25 | 17 | 10 |
| Маркетинг | 6 | 4 | 2 | 0 | 2 |
| Преостанат кадар | 24 | 31 | 52 | 15 | 8 |

Шеесет и пет отсто од вработените во овој сегмент од телевизиската индустрија биле мажи, а 35% жени. Најголем број од мажите биле ангажирани како реализатори (44% од вкупниот број на мажи), а најголем број од жените како новинарки (48% од вкупниот број на жени).

Најголема разлика помеѓу бројот на ангажирани мажи и жени имало кај реализаторскиот кадар, каде што бројот на машки лица бил шест пати повисок од бројот на женски лица.

Вработените од машки пол доминирале кај сите пет телевизиски станици. Сепак, разликата во однос на жените била најголема кај вработените во ТВ Сител (102 мажи наспроти 38 жени). Во ТВ Алфа биле ангажирани 82 мажи и 53 жени, во ТВ Канал 5 - 94 мажи и 63 жени, во ТВ Алсат 88 мажи и 28 жени, а во ТВ Телма 64 мажи и 51 жена.

**Слика 10: Структура на вработените во терестријалните телевизии на државно ниво според пол**



Повеќе од половината од вработените во овие телевизии биле со комплетирано средно образование (52%). Најголем дел од нив, поточно 54% биле вработени како реализаторски кадар.

Со високо образование биле 47% од вкупниот број на вработени. Најголем дел од овие лица биле ангажирани како новинари (55%).

Со друго образование биле ангажирани само три лица, од кои едно лице во категоријата „технички кадар„ и две во категоријата „преостанат кадар“.

**Слика 11: Структура на вработените во терестријалните телевизии на државно ниво според образование**




Гледано во секоја телевизија посебно, речиси 63% од лицата ангажирани во ТВ Телма биле со високо образование, а 37% биле со завршено средно образование. Во ТВ Алсат-М со високо образование биле 52% од вработените, а 48% биле со средно образование. Овој сооднос во ТВ Алфа бил 46% со високо наспроти 54% со средно образование, во ТВ Сител 32% со високо наспроти 68% со средно образование, а во ТВ Канал 5 - 46% со високо, 52% со средно и 2% со друго образование.

## 1.3. Сателитски телевизиски станици

Вкупниот број на вработени во сателитските телевизиски станици во 2014 година изнесувал 242 лица, од кои 131 биле во редовен работен однос, а 111 хонорарно ангажирани.

Најголем број на вработени (во редовен работен однос и хонорарци) прикажала ТВ 24 Вести (78 лица). Во ТВ Канал 5 биле вработени 60 лица, во Наша ТВ 41 лице, во ТВ Сонце 33 лица и во ТВ Сител 3 - 30 лица.

Најмногу вработени само во редовен работен однос имало во ТВ 24 Вести (69 лица). Додека, пак, сите лица ангажирани во ТВ Сител 3 биле хонорарци.

**Табела 5: Структура на вработените во сателитските телевизии**

| | | Состојба на 31.12.2014 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 43 | 47 | 39 | 39 | 4 | 8 | 0 | 0 | 20 | 19 | 23 | 28 |
| 2 | Уредници | 5 | 2 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 4 | 2 | 1 | 0 |
| 3 | Управители/ директори | 3 | 4 | 1 | 3 | 2 | 1 | 0 | 0 | 2 | 3 | 1 | 1 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 2 | 27 | 2 | 3 | 0 | 24 | 0 | 0 | 0 | 15 | 2 | 12 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 14 | 51 | 4 | 13 | 10 | 38 | 0 | 0 | 9 | 37 | 5 | 14 |
| 6 | Маркетинг | 3 | 5 | 3 | 3 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 4 | 2 | 1 |
| 7 | Преостанат кадар | 20 | 16 | 8 | 3 | 12 | 13 | 0 | 0 | 10 | 5 | 10 | 11 |
| | **ВКУПНО** | **90** | **152** | **62** | **65** | **28** | **86** | **0** | **1** | **46** | **85** | **44** | **67** |

Новинарскиот кадар бил најзастапен во структурата на вработените (37%), а позначајно учество прикажал и реализаторскиот кадар (27%).

**Слика 12: Структура на вработените во сателитските телевизии**




Најмногу новинари во анализираната година биле ангажирани во ТВ 24 Вести (39% од вкупниот број на новинари). Во оваа телевизиска станица биле вработени и најмногу режисери сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (49% од вкупниот број на реализатори).

**Слика 13: Број на новинари и реализатори во сателитските телевизии**




Споредено со 2013 година, бројот на новинари во ТВ 24 Вести се зголемил за седум лица, во Наша ТВ за четири лица, во ТВ Канал 5 Плус за 12 лица, а во ТВ Сител 3 за 15 лица (оваа телевизија во 2013 година не прикажала ниту едно вработено лице, ниту во редовен работен однос, ниту хонорарно ангажирано). Бројот на овие лица се намалил само во ТВ Сонце, и тоа за 11 лица.

Во анализираната година бројот на реализатори се зголемил кај сите пет сателитски телевизии, и тоа во ТВ 24 Вести за две лица, во ТВ Канал 5 Плус за пет лица, во Наша ТВ за едно лице, во ТВ Сонце за три лица и во ТВ Сител 3 за шест лица.

Најмногу уредници прикажала ТВ 24 Вести (три лица), најмногу управители Наша ТВ (три лица), а најмногу лица ангажирани како технички кадар и како преостанат кадар прикажала ТВ Канал 5 Плус (15, односно 18 лица).

**Табела 6: Распределба по работни места на вработените во сателитските телевизии**

| | **ТВ 24 Вести** | **ТВ Канал 5 плус** | **Наша ТВ** | **ТВ Сонце** | **ТВ Сител 3** |
|---|---|---|---|---|---|
| **работно место** | | | | | |
| Уредници | 3 | 0 | 2 | 1 | 1 |
| Управители/директори | 1 | 1 | 3 | 1 | 1 |
| Технички кадар | 3 | 15 | 3 | 1 | 7 |
| Маркетинг | 1 | 3 | 3 | 1 | 0 |
| Преостанат кадар | 3 | 18 | 9 | 6 | 0 |

Вработените од машки пол биле побројни од жените кај повеќето категории на вработени (биле вработени 152 мажи наспроти 90 жени).

Мажите биле најбројни кај реализаторскиот и кај новинарскиот кадар. Како реализатори биле вработени 51 лице од машки пол, а како новинари 47 лица. Жените, пак, доминирале само кај уредниците (три жени повеќе отколку мажи) и кај преостанатиот кадар (четири жени повеќе отколку мажи).

**Слика 14: Структура на вработените во сателитските телевизии според пол**




Повеќе од половината од вработените во сателитските телевизии биле со комплетирано високо образование (52%). Најголем дел од нив, поточно 61% биле вработени како новинари.

**Слика 15: Структура на вработените во сателитските телевизии според образование**




Со завршено средно образование биле 47% од вработените, од кои дури 42% работеле како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар.

Само едно лице било со друг вид на образование и истото било ангажирано како уредник во ТВ 24 Вести.

## 1.4. Телевизиски станици на регионално ниво

Вкупниот број на вработени во регионалните телевизии[1] во 2014 година изнесувал 432 лица. Од нив, 295 лица биле во редовен работен однос, а 137 биле хонорарно ангажирани. Во споредба со претходната година, вкупниот број на вработени се зголемил за 83 лица.

Најголем број на вработени прикажале ТВ Телеканал А1 (33 лица) и ХДТВ Мега (30 лица), а најмалку ТВ Скопје (осум лица).

**Табела 7: Структура на вработените во регионалните телевизии**

| | | Состојба на 31.12.2014 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 92 | 58 | 73 | 43 | 18 | 15 | 1 | 0 | 59 | 32 | 33 | 26 |
| 2 | Уредници | 19 | 13 | 13 | 5 | 5 | 8 | 1 | 0 | 18 | 10 | 1 | 3 |
| 3 | Управители/директори | 5 | 19 | 4 | 15 | 1 | 4 | 0 | 0 | 5 | 15 | 0 | 4 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 6 | 36 | 3 | 3 | 3 | 33 | 0 | 0 | 3 | 26 | 3 | 10 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 17 | 115 | 6 | 26 | 9 | 84 | 2 | 5 | 14 | 84 | 3 | 31 |
| 6 | Маркетинг | 12 | 6 | 7 | 3 | 5 | 3 | 0 | 0 | 8 | 1 | 4 | 5 |
| 7 | Преостанат кадар | 19 | 15 | 6 | 6 | 10 | 8 | 3 | 1 | 11 | 9 | 8 | 6 |
| | **ВКУПНО** | **170** | **262** | **112** | **101** | **51** | **155** | **7** | **6** | **118** | **177** | **52** | **85** |

Најголемо учество во структурата на вработените имал новинарскиот кадар, кој броел 150 лица. Од нив, 91 лице биле редовно вработени, а 59 биле хонорарци.

Дури 33% од вкупниот број на новинари биле ангажирани во само пет регионални телевизии, и тоа во ТВ Телеканал А1 (11 лица), ТВ К Три и ТВ Регионална 02 (по десет лица) и во ТВ Вис и ХДТВ Мега (по девет лица). Само ТВ Скопје не прикажала ниту едно вработено лице во оваа категорија.

Позначајно учество имал и реализаторскиот кадар. Како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар биле ангажирани вкупно 132 лица. Најмногу вработени лица од оваа категорија прикажале ТВ Телеканал А1 и ХДТВ Мега (по 16 лица).

[1] Во 2014 година, програма на регионално ниво емитуваа вкупно 27 телевизии. Во оваа анализа се претставени податоците за 26 од нив, поради тоа што во март 2015 година ТВ БТР ја изгуби дозволата за телевизиско емитување

**Слика 16: Структура на вработените во регионалните телевизии**




Шеесет и еден отсто од вработените во овој сегмент на телевизиската индустрија биле мажи, а 39% жени. Најголем дел од мажите биле вработени во категоријата „реализаторски кадар“ (44%), додека пак најголем дел од жените работеле како новинарки (54%).

Жените биле побројни во четири категории на вработени, и тоа кај новинарите, уредниците, маркетингот и кај преостанатиот кадар. Во другите категории доминирале мажите.

**Слика 17: Структура на вработените во регионалните телевизии според пол**




Најголем број на жени прикажале ТВ К три, ТВ Ера и ХДТВ Мега (по 12), а најголем број на мажи ТВ Телеканал А1 (23), Регионална ТВ 02 и ТВ Ултра (по 20).

Со комплетирано високо образование биле 49% од вработените во регионалните телевизии, средно образование имале 48%, а 3% биле со друго образование. Поточно, 66% од жените имале завршено високо образование, 30% имале средно образование, а 4% биле со друг вид на образование. Кај мажите ситуацијата е следна: 39% биле со високо, 59% биле со средно, а 2% биле со друго образование.

Кај вработените со високо образование доминирале жените ангажирани како новинарки (34%), а кај вработените со средно образование мажите ангажирани во категоријата „реализаторски кадар“ (41%).

**Слика 18: Структура на вработените во регионалните телевизии според образование**




Повеќе од половина од вработените со високо образование (52%) биле ангажирани во (осум) регионални телевизии, и тоа во Регионална ТВ 02 (20 лица), ТВ Телеканал А1 (18 лица), ТВ К три и ХДТВ Мега (по 14 лица), ТВ Едо (13 лица), ТВ Кобра 12 лица, ТВ Вис (10 лица) и во ТВ Ирис (девет лица).

Најмногу вработени со средно образование прикажале ТВ Ера (23 лица) и ТВ Ултра (17 лица).

## 1.5. Телевизиски станици на локално ниво

Во 2014 во локалните телевизии[2] биле ангажирани вкупно 235 лица, од кои 128 во редовен работен однос, а 107 хонорарно ангажирани.

Во ТВ Арт од Тетово биле ангажирани најмногу вработени (32 лица), а во ТВ Супер Скај од Тетово најмалку (четири лица). Најмногу вработени само во редовен работен однос имало во ТВ Тера од Битола (18 лица) и во ТВМ од Охрид (13 лица), а најмногу хонорарно ангажирани лица имало во ТВ Арт од Тетово (27 лица).

[2] Програма на локално ниво во текот на целата 2014 година емитуваа 27 телевизии. Но, во ова анализа се претставени податоците за етничката припадност на вработените во 26 телевизии, поради тоа што во јануари 2015 година престана да важи дозволата на ТВ Нова од Куманово.

**Табела 8: Структура на вработените во локалните телевизии**

| | | Состојба на 31.12.2014 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 50 | 43 | 37 | 33 | 13 | 10 | 0 | 0 | 27 | 13 | 23 | 30 |
| 2 | Уредници | 5 | 17 | 2 | 7 | 3 | 9 | 0 | 1 | 5 | 11 | 0 | 6 |
| 3 | Управители/дире ктори | 8 | 17 | 3 | 8 | 3 | 9 | 2 | 0 | 8 | 14 | 0 | 3 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 2 | 33 | 0 | 10 | 2 | 21 | 0 | 2 | 2 | 20 | 0 | 13 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 3 | 30 | 0 | 5 | 2 | 25 | 1 | 0 | 2 | 19 | 1 | 11 |
| 6 | Маркетинг | 6 | 7 | 0 | 2 | 5 | 5 | 1 | 0 | 2 | 1 | 4 | 6 |
| 7 | Преостанат кадар | 11 | 3 | 3 | 0 | 6 | 1 | 2 | 2 | 4 | 0 | 7 | 3 |
| | **ВКУПНО** | **85** | **150** | **45** | **65** | **34** | **80** | **6** | **5** | **50** | **78** | **35** | **72** |

Новинарскиот кадар бил најзастапен во структурата на вработените и истиот учествувал со 40% во вкупниот број на вработени на локалниот телевизиски пазар. Од вкупниот број на новинари, 43% биле редовно вработени, а 57% биле хонорарци. Во Тв Арт од Тетово биле ангажирани најмногу новинари (13 лица).

**Слика 19: Структура на вработените во локалните телевизии**




Доколку се погледне структурата на вработените според полот, може да се забележи дека вработените од машки пол биле речиси двојно побројни од вработените од женски пол (биле вработени 150 мажи наспроти 85 жена).

**Слика 20: Структура на вработените во локалните телевизии според пол**




Освен кај новинарите и кај преостанатиот кадар, во сите други категории доминирале лицата од машки пол. Сепак, нивниот број бил значително поголем од жените кај техничкиот и кај реализаторскиот кадар, каде што биле ангажирани 33, односно 30 мажи наспроти две, односно три жени. Кај новинарите жените биле побројни од мажите за седум лица, а кај преостанатиот кадар за осум лица.

Најмногу вработени мажи прикажала ТВ Арт од Тетово (27 лица), а најмногу жени ТВ М од Охрид (12 лица).

Со комплетирано високо образование биле 47% од вработените, со средно 48%, а друг вид на образование имале 5% од вкупниот број на вработени.

**Слика 21: Структура на вработените во локалните телевизии според образование**




Лицата со високо образование биле побројни само кај новинарите, а кај сите други категории на вработени доминирале лицата со средно образование. Со друг вид на образование биле вработени само 11 лица, од кои по две биле ангажирани како управители и техничари, по едно работело во категориите „уредници“,„реализаторски кадар“ и „маркетинг“ и четири биле вработени во категоријата „преостанат кадар“.

## 2. РАДИОИНДУСТРИЈА

Во 2014 година во радиоиндустријата биле ангажирани 677 лица, односно 36 лица повеќе отколку во претходната година. Во однос на 2013 година, бројот на лицата во редовен работен однос се зголемил за шест лица, а бројот на хонорците за 30 лица.

**Табела 9: Структура на вработените во радиоиндустријата**

| | | Состојба на 31.12.2014 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| *1* | Новинари | 140 | 117 | 114 | 84 | 25 | 31 | 1 | 2 | 81 | 55 | 59 | 62 |
| *2* | Уредници | 37 | 52 | 26 | 31 | 9 | 20 | 2 | 1 | 31 | 42 | 6 | 10 |
| *3* | Управители/директори | 21 | 42 | 8 | 17 | 13 | 25 | 0 | 0 | 17 | 40 | 4 | 2 |
| *4* | Технички кадар (инжинери и техничари) | 14 | 59 | 4 | 9 | 10 | 50 | 0 | 0 | 5 | 38 | 9 | 21 |
| *5* | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 28 | 93 | 7 | 11 | 20 | 78 | 1 | 4 | 26 | 82 | 2 | 11 |
| *6* | Маркетинг | 14 | 5 | 10 | 2 | 4 | 3 | 0 | 0 | 5 | 2 | 9 | 3 |
| *7* | Преостанат кадар | 35 | 20 | 8 | 8 | 24 | 7 | 3 | 5 | 30 | 13 | 5 | 7 |
| | **ВКУПНО** | **289** | **388** | **177** | **162** | **105** | **214** | **7** | **12** | **195** | **272** | **94** | **116** |

Во Македонското радио биле ангажирани 255 лица, во радиостаниците кои емитуваат програма на државно ниво 112 лица, во регионалните радиостаници 105 лица и во локалните радиостаници 205 лица.

**Слика 22: Број на вработени во МРА и во комерцијалните радиостаници**



Најголем дел од вработените биле ангажирани како новинари (257 лица). Во споредба со претходната година, нивниот број се зголемил дури за 50 лица.

Во однос на претходната година се зголемил и бројот на лицата ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (за осум лица).

**Слика 23: Структура на вработените во радиоиндустријата според работни места**




Во радиостаниците во целина биле ангажирани 388 мажи, наспроти 289 жени.

Педесет и четири отсто од мажите во радиоиндустријата работеле како реализатори и новинари. Освен кај реализаторите, каде што имало 65 мажи повеќе отколку жени, мажите биле побројни во однос на жените и кај техничкиот кадар (за 45 лица), кај управителите (за 21 лице) и кај уредниците (за 15 лица).

**Слика 24: Структура на вработените во радиоиндустријата според пол**




Жените доминирале кај новинарите (23 жени повеќе отколку мажи), кај лицата задолжени за маркетинг (девет жени повеќе отколку мажи) и во категоријата „преостанат кадар“ (15 жени повеќе отколку мажи). Дури 48% од жените биле вработени како новинарки.

Што се однесува до степенот на образование на вработените, 50% биле со завршено високо образование, 47% биле со средно, а 3% биле со друг вид на образование.

**Слика 25: Структура на вработените во радиоиндустријата според пол**




Дури 58% од лицата со високо образование биле вработени како новинари. Додека најголем дел од лицата со средно образование биле ангажирани како реализатори (31%).
Осум од лицата со друго образование биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар“, пет работеле како реализатори, а по три како уредници и новинари.

## 2.1. Македонско радио (МРА)

Вкупниот број на вработени во МРА во 2014 година изнесувал 255 лица, сите во редовен работен однос. Во споредба со претходната година, нивниот број се намалил за 15 лица, а тоа во најголема мера се должи на намалување на бројот на новинари (за осум лица).

**Табела 10: Структура на вработените во МРА**

| | | Состојба на 31.12.2014 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 46 | 28 | 34 | 17 | 12 | 9 | 0 | 2 | 46 | 28 | 0 | 0 |
| 2 | Уредници | 22 | 23 | 19 | 20 | 1 | 2 | 2 | 1 | 22 | 23 | 0 | 0 |
| 3 | Управители/директори | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инжинери и техничари) | 0 | 4 | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 26 | 62 | 7 | 5 | 18 | 53 | 1 | 4 | 26 | 62 | 0 | 0 |
| 6 | Маркетинг | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | Преостанат кадар | 29 | 11 | 6 | 3 | 20 | 3 | 3 | 5 | 29 | 11 | 0 | 0 |
